# С Л У Ж Б Е Н  Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**23.05.2014 год.** **Бр.XVIII**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.гласник на Р.Македонија" бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
***за објавување на актите донесени на 18-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 22.05.2014 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 22.05.2014 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-482/1 од 23.05.2014 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**Ѓорги Дамчески, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на осумнаесеттата седница, одржана на 22.05.2014 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 17-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 22.04.2014 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.Македонија" бр.5/2002).

**Бр.07-469/3 од 22.05.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 22.05.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**

***за давање во закуп на недвижна ствар во сопственост на***

***Општина Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава Согласност за давање во закуп на недвижна ствар во сопственост на Општина Крушево-дел од задружниот Дом во с.Бучин.

**Член 2**

Општина Крушево ќе го дава во закуп просторот-дел од задружниот Дом во с.Бучиин, сопственост на општината врз основа на имотен лист бр.626, со површина од _______ м2.

**Член 3**

Давањето во закуп ќе се изврши согласно одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Сл.весник на Р.М." бр.8/2005; 150/07; 35/11; 166/12; 188/13 и 27/14), со јавно наддавање, заради користење на недвижната ствар за отварање на фитнес теретана.

**Член 4**

Договорот за давање во закуп ќе го склучи Градоначалникот на Општина Крушево.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-469/4 од 22.05.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Согласно член 24 став 2 од Законот за птосторно и урбанистичко планирање ( „Сл. весник на РМ " бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13, и 42/14), член 22 став1 точка1 и член 36 ст.1точка 15 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ " бр.5/2002 ) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Крушево („Сл. гласник на Општина Крушево " бр.1/2007 ), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 22.05.2014 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за утврдување на Детален Урбанистички План за Гратска Четврт 3, блок3.1, за хотел Илинден, Општина Крушево,***

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА Нацртот на Детален Урбанистички План за Гратска Четврт 3, блок3.1, за хотел Илинден, Општина Крушево, со тех.бр.33/2014 изготвен од " ИН – ПУМА " Скопје.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-469/5 од 22.05.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 6 и 7 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010 и 6/12) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 22.05.2014 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на финансискиот План на ЈП "Комуна" Крушево за 2014 година***

1. Советот на Општина Крушево, го усвојува финансискиот План на ЈП "Комуна" Крушево за 2014 година, бр.03-18/1 од 14.02.2014 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.07-469/6 од 22.05.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 32 став 2 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011) и член 21 став 1 точка 4 и 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 22.05.2014 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
***за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2014 год. до 31.03.2014 год.***

1. **СЕ УСВОЈУВА** кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за периодот од 01.01.2014 год. до 31.03.2014 год.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-469/7 од 22.05.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ( „ Сл. Весник на РМ, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 , 53/11, 144/2012, 55/13, 163/13, и 42/2014 година ), член 22 , став 1, точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Сл. Весник на РМ.. бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево,("Сл.гласник на Општина Крушево"

бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 22.05.2014 година го донесе следното:

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2014 ГОДИНА**

1. Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2014 година бр.07-104/12 од 30.01.2014 година, се дополнува во точка 2 со став 2.9, се додава нова точка 4 и став 4.1 и гласи:

**2.9. Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на основно училиште на дел од КП бр. 627/3 КО Јакреново.**

Границите на урбаниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Локална урбанистичка планска документација за дел од катастарската парцела КП БР.627/3 КО Јакреново. прикажани во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.

**3. ОПШТ АКТ**

**4.1. Општ Акт за село Бучин**

Границите на урбаниот опфат на кој ќе се врши изготвување на Општиот акт е границата на селото Бучин прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа програма.

2.Ова дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2014 година, бр.07-104/12 од 30.01.2014 година.

**Бр.07-469/8 од 22.05.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.глансик на Општина Крушево” бр.1/2007), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 22.05.2014 година, донесе:

***З А К Л У Ч О К***
***за сечење на борови стебла на ул.”Манчу Матак” Крушево***

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност за сечење на борови стебла на ул.”Манчу Матак” Крушево, во близина на станбениот објект на Димоски Јанко.

2. Сечењето на стеблата да се изврши во согласност со законот, под надзор на стручни лица од ЈП „Липа” Крушево во соработка со ЕВН-Македонија.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.07-469/9 од 22.05.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007) и член 3, 4 и 7 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по Барање бр.07-374/1 од 09.04.2014 година од Манастир Св.Ѓорѓија од Горно Дивјаци, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 22.05.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

1. **ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 15.000,00 (петнаесет илјади)** денари по барање бр.07-374/1 од 09.04.2014 година од Манастир Св.Ѓорѓија од Горно Дивјаци.

2. Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка бр.200002585129435, депонент Стопанска Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.07-469/10 од 22.05.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 38, 49 и 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007) и член 3, 4 и 7 од одлуката за определување на критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општина Крушево бр.07-669/10 од 15.06.2009 година, а по

Барање бр.07-427/1 од 28.04.2014 година од Александра Бојаџиеска од Крушево, Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 22.05.2014 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за исплата на финансиски средства**

**1. ДА СЕ ИСПЛАТИ сума од 5.000,00 (пет илјади)** денари по барање бр.07-427/1 од 28.04.2014 година од Александра Бојаџиеска од Крушево, со ЕМБГ 0212974448014.

2. Средствата да бидат исплатени на трансакциска сметка бр.200001907460275, депонент Стопанска Банка-филијала Крушево, од сметката на Буџетот на Општина Крушево.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Бр.07-469/11 од 22.05.2014 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Нико Чонески, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Крушево .......................................... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 17-та седница на Советот на Општина Крушево .......................................................... 1
3. Одлука за давање во закуп на недвижна ствар во сопственост на Општина Крушево..1
4. Одлука за утврдување на Детален Урбанистички План за градска четврт 3, блок 3.1, за хотел Илинден, Општина Крушево ... 2
5. Заклучок за усвојување на финансискиот план на ЈП „Комуна” Крушево за 2014 година............................................................ 2
6. Заклучок за усвојување на кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Крушево за период од 01.01.2014 година до 31.03.2014 година .......................... 2
7. Дополнување на Програмата за Урбанистичко планирање на Општина Крушево за 2014 година ............................... 3
8. Заклучок за сечење на борови стебла на ул.”Манчу Матак” Крушево ....................... 3
9. Решение за исплата на финансиски средства на Манастирот Св. Ѓорѓија од Горно Дивјаци ........................................................ 3
10. Решение за исплата на финансиски средства на Александра Бијаџиеска од Крушево ....................................................... 4

Редакциски одбор на Општина Крушево.